# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип го разви и имплементира Системот за менаџмент со квалитет преку документирање на работните процеси, првенствено да ги задоволи барањата и очекувањата на студентите, а во крајна инстанца го подобри и севкупното свое работење.

Универзитетот примени процесен пристап при имплементација и развој на Системот за менаџмент со квалитет и остварување на поставените цели. Разбирањето на интеракцијата помеѓу утврдените процеси е важна од аспект на успешна имплементација и одржување на системот.

Утврдувањето на главните процеси значи обезбедување соодветна технологија, развој на вештини и воспоставување на организациска култура. Донесувањето на одлуки се базира на соодветни факти (записи), при што инволвираноста на вработените во сите сегменти од системот за квалитет е вистинскиот начин во остварување на поставените цели.

Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип функционира според моделот на интегриран универзитет, при што се обезбедува ефикасност и ефективност при реализација на работните процеси и искористување на ресурсите, како инфраструктурни, така и човекови, во согласност со позитивните законски прописи во Република Македонија и ратификуваните договори со Европската унија и држави во светот.

Основна задача на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е да ги промовира и понатаму да ги развива научните дисциплини застапени во студиските програми, согласно со потребите на регионот и на државата. На Универзитетот се применува нов пристап кон студентите и кон стекнувањето на знаење, усогласен со практиките и искуствата на европските универзитети, со цел постигнување на отворен и искрен однос со студентите, корисниците, партнерите и вработените, кој се заснова на меѓусебна долгорочна доверба. Универзитетот се залага работните активности да бидат брзи, едноставни и транспарентни.

Универзитетот постојано ги унапредува своите тимови за работа, со грижа вистинските луѓе да бидат на вистинските работни места, сите да се обучуваат и да градат самодоверба.

Професионалноста во работењето и посветеноста на раководството на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се декларира преку постојана грижа за едукација на вработените. Со тоа се обезбедува постојана конкурентност, а на вработените на Универзитетот подобар социјален статус. Основна задача на секој вработен е да ги проучува законите на државата кои се однесуваат на неговата работа, правилниците и процедурите на Универзитетот и истите да ги почитува, да ги спроведува во дела одлуките, сѐ до нивната целосна финализација.

Перманентно подобрување на системот за менаџмент со квалитет и унапредување на квалитетот на услугите со оптимални трошоци на работење е постојана задача на секој вработен на Универзитетот.

Добавувачите на опрема и услуги за Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се бираат согласно со воспоставените процедури за оценка и избор на најповолен добавувач и истите е неопходно да ги задоволуваат барањата во поглед на квалитет и рок на испорака. Во сите фази од процесите на работење во Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се спроведуваат активности за заштита на животната средина.

Основни цели на квалитет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип врз база на кои Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип се развиваше, се развива и кои ќе го поддржат нашиот понатамошен раст се:

1. Воведување на нова техника и технологија со цел – автоматизација на процесите на работа, олеснување на наставно-научниот процес на Универзитетот и комуникацијата меѓу вработените и студентите;
2. Продуцирање на висикопрофесионален и квалитетен кадар, подготвен да го аплицира своето знаење во сите сфери на општественото живеење, поддржувајќи го на тој начин националниот економски развој и развојот на државата воопшто;
3. Преземање на мерки за исполнување на критериумите за повисоко рангирање на Универзитетот на релевантните листи за рангирање на универзитетите во светот;
4. Креирање на маркетинг стратегија, која ќе овозможи поголема препознатливост на Универзитетот;
5. Постојано збогатување на библиотечниот фонд со изданија на вработените и пристап до релевантните светски бази на стручна литература;
6. Постигнување на значајни резултати во научноистражувачката, апликативната и стручно-уметничката работа на вработените на Универзитетот.